Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 10**

**15.06.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Ја објавувам Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година донесена на 49- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 10.06.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 519/1** **Општина Демир Хисар**

**15.06.2016 година** **Градоначалник**

**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

477. Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) како и во согласност со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02) Советот на општина Демир Хисар на 49 седница одржана на 10.06.2016 год. донесе

## О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2016 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2016 година на следниот начин :

| Потпрограма | БУГЕТ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Потставка | | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | |
| 421120 Водоводиканализација | 0 | 0 | -87.000 | 0 | 0 |
| 421130 Ѓубретарина | 0 | 0 | -38.000 | 0 | 0 |
| 421190 Други комунални такси и услуги | 0 | 0 | -5.000 | 0 | 0 |
| 421220 Дрва | 0 | 0 | 37.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течнигорива | 0 | 0 | -221.000 | 0 | 0 |
| 421310 Пошта | 0 | 0 | -1.000 | 0 | 0 |
| 421320 Телефон и телефакс | 0 | 0 | 2.000 | 0 | 0 |
| 421410 Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | -21.000 | 0 | 0 |
| 421420 Регистрација на моторни возила | 0 | 0 | -2.000 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 0 | -40.000 | 0 | 0 |
| 423120 Списанија, весници и други изданија за користењ< | 0 | 0 | 8.000 | 0 | 0 |
| 423190 Други административни материјали | 0 | 0 | 200 | 0 | 0 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | -24.000 | 0 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 0 | 25.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | -51.000 | 0 | 0 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хардвер< | 0 | 0 | 44.000 | 0 | 0 |
| 425260 Осигурување на моторни возила | 0 | 0 | -4.000 | 0 | 0 |
| 425490 Други здравствени услуги | 0 | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 412.800 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | -15.000 | 0 | 0 |
| **VI0** ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | | |
| 421240 Течнигорива | 0 | -100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425260 Осигурување на моторни возила | 0 | 1.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425420 Примарна здравствена заштита | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 69.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласннк на општина Демир Хисар и станува составен дел на Буџетот на општината за 2016 година.

Бр.17-494/4 — Совет на Општина Демир Хисар

10.06.2016 година — Претседател

Демир Хисар — Ѓоко Василески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за престој на официјална делегација на Општина Балчова, град Измир, Република Турција, во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Програма за престој на официјална делегација на Општина Балчова, град Измир, Република Турција, во Општина Демир Хисар донесена на 49- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 10.06.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 519/2** **Општина Демир Хисар**

**15.06.2016 година** **Градоначалник**

**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

478.

**ПРОГРАМА**

за престојот на делегацијата од Општина Балчова, Република Турција,

во општина Демир Хисар

19 – 23.06.2016

**<u>19.06.2016, недела</u>**

**ПРИСТИГНУВАЊЕ, ПРЕЧЕК НА АЕРОДРОМ, РЕГИСТРИРАЊЕ И СМЕСТУВАЊЕ НА ГОСТИТЕ**

20:00 - аеродром „Александар Велики“, Скопје

Сместување и престој во Хотел „Милениум“, Битола

**<u>20.06.2015, понеделник</u>**

**ОФИЦИЈАЛЕН ПРОТОКОЛАРЕН ПРИЕМ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА О. ДЕМИР ХИСАР**

**09:30 часот ПОАЃАЊЕ ЗА ДЕМИР ХИСАР**

**10:00 часот ПОЧЕТОК НА НАСТАНОТ - свечен дочек и прием**

| | |
|---|---|
| Место на одржување на настанот: | кабинет на градоначалникот |

10:45 часот - посета на спортската сала „Јордан Пиперката“ – презентација на проектот „35 спортски сали“

11:00 часот - заедничко полагање цвеќе на Спомeникот на демирхисарските револуционери

11: 15 часот - посета на Психијатриската болница – прием во конференциска сала

- посета на изложба на ракотворби и други уметнички дела на пациенти

11: 45 часот - посета на зградата на Домот на културата (фоаје и концертна сала)

- мини концерт на КУД „Илинден“ – до 15 минути

12 : 15 часот - посета на ЈУ Детска градинка „2ри септември“

- разгледување на градинката и средба со вработените

12:45 часот - поаѓање за СОУ „Крсте П. Мисирков“

12:50 часот - **ликовен перформанс на учениците и наставниците во чест на гостите**

13:00 часот - кафе пауза во СОУ „Крсте П. Мисирков“ – (бифе)

13:30 часот - изјави за медиуми

## ОФИЦИЈАЛНА СРЕДБА СО ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**13:45 ПОЧЕТОК НА НАСТАНОТ**

| | |
|---|---|
| Место на одржување на настанот: | Конференциска сала во училиштето |
| Број на присутни лица на настанот: | До 50 лица |
| Присутни претставници на домаќинот: | Градоначалник, Совет, раководители на локални општински и владини претпријатија и установи, органи на управата, наставници, ученици ___________________________ |

ПРОГРАМА

- пригодно поздравно обраќање на претседателот на Советот
- пригодно поздравно обраќање на градоначалникот на Општина Балчова
- презентација на ресурсите, економските потенцијали на Демир Хисар (ЛЕР)
- прашања за меѓусебно запознавање

- разменување/врачување на подароци (градоначалникот, претседателот на Советот, советниците на Д. Хисар и сопругата на градоначалникот на О. Д. Хисар)

14:45 часот - разгледување на училиштето

- разгледување/презентација на училиштето и училиштната зграда
- разгледување на новата спортска сала – презентација на проектот „Изградба на 145 спортски сали во образованието“

15:15 часот - посета на ООУ „Гоце Делчев“

- пригодна уметничка програма на влезот од училиштето (до 10 мин)
- презентација на проектот „Компјутер за секое дете“
- разгледување на повеќенаменското игралиште – презентација на проект „100 повеќенаменски игралишта во РМ)

**16:00 часот - ЗАЕДНИЧКИ СВЕЧЕН РУЧЕК– ресторан „Таљо“, Демир Хисар**

21:00 часот - вечера во хотелскиот ресторант „Милениум“ во Битола

**21.06.2016, вторник**

**ПОСЕТА НА ОХРИД (РЕСЕН)**

**07:30 часот ПОАЃАЊЕ ЗА ОХРИД (СО КРАТКА ПАУЗА ВО РЕСЕН)**

**Во Ресен**

- Посета на Сарајот на Нијази-бег во Ресен

(Легенда за изградбата: Нарачателот на изградбата Ахмет Нијази-бег, како студент на воена академија во Истанбул и припадник на младотурското движење, бил испратен во Ресен, каде што подоцна примил разгледница со Версајскиот дворец од свој пријател од Париз. Богатиот ресенски бег решил да изгради исто така убав објект, каде што планирал да живее. Сепак, во 1912 година во Драч тој бил убиен, пред дворецот да биде комплетно завршен)

**Во Охрид**

- посета на комплексот Свети Наум
- посета на Музејот на вода – Заливот на коските
- посета на Горна и Долна Порта
- посета на Самоиловата тврдина
- посета на античкиот театар
- прошетка низ стариот град

- кафе пауза
- прошетка низ чаршија
- **ручек (хотел ресторан „Милениум“ во Охрид)**

21:00 часот - вечера во хотелскиот ресторант „Милениум“ во Битола

21:30 часот - слободна вечер (одмор)

- средба со претседателот на Здружението за македонско – турско пријателство во Битола
- средба со почесниот конзул на Р. Турција во Битола

**22.06.2016, среда**

**ПОСЕТА НА МЕМОРИЈАЛНИОТ МУЗЕЈ, СПОМЕН КУЌА НА АЛИ РИЗА,**

**ТАТКОТО НА МУСТАФА КЕМАЛ АТАТУР ВО КОЏАЏИК**

09:00 часот - **ПОАЃАЊЕ ЗА ОПШТИНА РОСОМАН**

18:00 - поаѓање за Битола

21:00 - вечера во хотелски ресторант „Милениум“ Битола

22:00 - посета на дискотека, кафуле и сл. ноќен клуб

**23.06.2015, четврток**

**ПОСЕТА НА МУЗЕЈОТ И СПОМЕН СОБАТА НА МУСТАФА КЕМАЛ АТАТУРК ВО БИТОЛА И ТУРИСТИЧКИ РАЗГЛЕД НА БИТОЛА**

09:00 часот - **посета на Музејот и Спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк во Битола**

10:00 часот - **прошетка по Широк сокак**

- **посета на Јени џамија**

  - (Јени џамија се наоѓа во во центарот на градот Битола, Република Македонија. Името на турски јазик означува *Нова Џамија*. Има квадратна основа, со купола на врвот. Близу џамијата има минаре високо 40 m. Денес, одаите на џамијата се употребуваат за изложби. Недамнешни археолошки ископувања откриле дека е изградена врз стара црква;

- **посета на Исхак Челеби Ибн Иса џамија**

- (е изградена во 1506 год. и таа е една од најстарите зачувани џамии во Битола. Наспроти Саат Кулата, и Големиот Безистен, оваа џамија чиј минарет е висок околу 50 метри, едноставно доминира во просторот. Оваа џамија била само дел од големиот вакаф на ктиторот кој освен оваа џамија изградил и медреса, мектеб, 103 дуќани, лозја, 20 воденици и многу други објекти);

## ТУРИСТИЧКО – ДЕЛОВНА ПОСЕТА НА ДЕМИР ХИСАР

**11:30 часот ПОАЃАЊЕ ЗА ДЕМИР ХИСАР**

- средба со бизнисмени или други деловни средби (посета на компании и сл.)
- **посета на манастирот свети Јован Крстител кај Слепче**
  - Подигнат е во 1393 година. Овој податок е според најстариот пишан документ кога во манастирот е препишан еден триод на словенски јазик. Но, првпат конкретно манастирот се споменува во 1543 година, во едно писмо на протопопот Лука.
- кафе пауза во „Горна куќа“ (етно ресторан)

**15:00 ПОАЃАЊЕ ЗА БАБИНО**

- **посета на приватна библиотеката „АЛ – БИ“**
  - Сместена во село Бабино, на 15 километри од Демир Хисар, библиотеката ги има сите белези на информативен сервис за граѓаните на Демир Хисар па и пошироко. Со својот **фонд од преку 15.000 книги** таа претставува културно и духовно наследство кое го потврдува односот на нацијата спрема литературата, културата и книгата како феномен сама за себе. **Некои од примероците се стари и повеќе од 300 години**, а некои се уникатни дела напишани на старословенски, турски и арапски јазик.
- ручек во рибникот „Бабино“

**18:00 ПОАЃАЊЕ ЗА БИТОЛА**

**21:00 часот ЗАВРШНА ВЕЧЕР – заедничка вечера - забавна вечер во ресторанот на хотел „Милениум“ во Битола“**

## <u>24.06.2014, петок</u>

## <u>ИСПРАЌАЊЕ НА ГОСТИТЕ</u>

06:00 часот **ПОАЃАЊЕ ЗА СКОПЈЕ**

Бр. 17-494/4

10.06.2016 Совет на Општина Демир Хисар

Претседател,

Ѓоко Василевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на План за финансирање на трошоците за престој на официјална општинска делегација од Општина Балчова, град Измир, Република Турција, во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам План за финансирање на трошоците за престој на официјална општинска делегација од Општина Балчова, град Измир, Република Турција, во Општина Демир Хисар донесена на 49- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 10.06.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 519/3** **Општина Демир Хисар**

**15.06.2016 година** **Градоначалник**

**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

479.

**ПЛАН**

**за финансирање на трошоците за престој на официјална општинска делегација од**

**Општина Балчова, Град Измир, Република Турција, во Општина Демир Хисар**

Од 19ти до 24ти јуни 2016 година, во возвратна посета на Општина Демир Хисар ќе престојува официјална делегација на Општина Балчова, Град Измир, Република Турција. Делегацијата ќе ја предводи градоначалникот Мехмед Али Чалкаја, кого ќе го придружуваат уште 13 лица (од неговиот кабинет, Советот, претставници на здруженија на македонски иселеници и економскиот промотор на Р. Македонија во Измир). Како придружен член на делегацијата, ќе присуствува и советник во Општина Росоман којшто, преку здруженијата на Македонците во Измир, ги поттикна и оствари првите подготвителни контакти со општината Балчова. Вкупно 14 лица.

На иницијатива на градоначалникот на Општина Балчова, Општина Демир Хисар и Општина Балчова, во средината на 2014 година оствариja средба на ниво на прелиминарна посета на Општина Балчова, од страна на градоначалникот, секретарот, двајца советници и лице за  односи со јавноста на Општина Демир Хисар којашто резултираше со официјална покана за возвратна посета.

Пресметката на расходите е направен на основа извадена просечна цена за хотелско сместување во хотелските објекти во соседниот град Битола, како и просечни актуелни цени за храна, транспорт и други услуги.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

Во план за финансирање на целокупните трошоци за престојот на делегацијата вкалкулирани се следните расходи:

**1. РАСХОДИ ЗА ХОТЕЛСКО СМЕСТУВАЊЕ**

- хотел „Б“ категорија – еднокреветна соба на база на ноќевање со доручек и полупансиони;
- 14 лица X 2700 мкд – 37,800
- 5 ноќевања X 37,800 = 189,500

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ:      189.500 мкд.**

**2. ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА**

- 20.06.2016 - официјален ручек во Демир Хисар – до 50 лица (гости, Совет, други локални званици – 25.000 мкд
- 21.06.2016 - ручек во Охрид – до 20 лица (гости, преведувач, тур. водич, придружба од локална, возач) – 17.000 мкд;
- 23.06.2015 – ручек во Демир Хисар – до 25 лица (гости, советници, градоначалник и други локални званици) – 20,000 мкд.;
- 23.06.2015 - завршна заедничка вечера – до 40 лица (гости, советници, градоначалник и други локални званици) – 40.000 мкд.;
- кафе, сокови, вода (при патувања и за време на туристички посети) – 12.000 мкд.

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ:              117.000 мкд.**

**3. ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ**

Изнајмување на минибус за превоз на гостите и дел од локалната придружба.

- Битола – Аеродром – Битола -                              2 X
- Битола Демир Хисар – Битола                              2 X
- Битола – Св. Наум – Охрид – Битола

- Битола – Винарска визба „Тиквеш“ - Росоман – Битола

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ: 50.000 мкд.**

**4. ТРОШОЦИ ЗА ПРОТОКОЛ**

- набавка на месингени копја за знамиња на РМ и РТ – 2Х3000 = 6,000
- цвеќе, влезници во музеи, паркинг и сл. 6,000
- подароци 30,000

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ: 42.000 мкд**

**5. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ**

- преведувач – туритички водич 6.000

**ВКУПНО ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ: 6,000 мкд.**

6. **ДРУГИ НЕПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ 6,000**

**ВКУПНО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ: 410.500мкд**

Финансиските средства што ќе бидат одобрени со овој План, ќе бидат вклопени во Буџетот на Општина Демир Хиса за 2016. при донесувањето на ребалансот на Буџетот.

Во Демир Хисар

Бр. 17-494/6

10.06.2015

Совет на Општина Демир Хисар

Претседател,

Ѓоко Василевски с.р.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година---------------------------------------------------------------------------------1-2

2. Програма за престој на официјална делегација на Општина Балчова, град Измир, Република Турција, во Општина Демир Хисар------------------------------------------3-7

3 . План за финансирање на трошоците за престој на официјална општинска делегација од Општина Балчова, град Измир, Република Турција, во Општина Демир Хисар-----8-10

**Издава:**

**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**

**тел.047/552-661**

**Градоначалник**

**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**

**Виолета Пајковска**